**НСК-КО бр.9/16**
**Скопје,29.06.2017 година**

**ДО**
**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ**
**Одделение за организиран криминал и корупција**

Врз основа на член 39 став 2 алинеја 9 во врска со член 319 став 1 од Законот за кривична постапка и член 5 став 4 алинеја 5 од Законот за Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, поднесувам:

## О Б В И Н И Т Е Л Е Н А К Т
## со Предлог мерки на претпазливост

**ПРОТИВ:**

1. **М.Ј.** од татко М., мајка Л., роден на ... година во П.Р.М., а живее во С.Р.М., со ЕМБГ ..., државјанин на Р. Македонија, со завршено високо образование М-р по Економски науки, вработен во политичка партија како раководител на сектор, оженет татко на три малолетни деца, по националност македонец, неосудуван, се води постапка против него за кривично дело „ Насилство“ од чл. 386 КЗ, пред Основен суд Скопје 1 Скопје.

2. **Т.Ѓ.** од татко П., мајка Е., роден на ... година во С.Р.М., а живее во С.Р.М., со ЕМБГ ..., државјанин на Р.Македонија, со завршено високо образование Правен факултет, оженет татко на две полнолетни деца, по националност македонец, осудуван за кривично дело по чл.239 ст.1 вв со чл.243 ст.2 од КЗ на СРМ донесена на ден 10.09.1993 година, осуден на условна казна затвор од 3 месеци до 1 година, не се води постапка за друго кривично дело.

3. **Д.Д.** од татко Д., мајка Р., роден на ... година во Б.Р.М., а живее во С.Р.М., со ЕМБГ ..., државјанин на Р.Македонија, со завршено високо образование М-р по Агро-економски науки, оженет татко на две малолетни деца, по националност македонец, неосудуван, не се води постапка за друго кривично дело.

4. **М.Т.** од татко В., мајка О., родена на ... година во С.Р:М., каде и живее, со ЕМБГ ..., државјанин на Р.Македонија, со завршено високо образование Архитектонски факултет, мажена мајка на две полнолетни деца, по националност македонка, неосудувана, не се води постапка за друго кривично дело.

5. **Д.Г.** од татко Т., мајка С., роден на ... година во Ш.Р.М., живее во С.Р.М., со ЕМБГ ..., државјанин на Р.Македонија, со завршено високо образование Правен факултет, по националност македонец, осудуван за кривично дело по чл.297 ст.3

вв чл.300 вв ст.3 од КЗ на РМ осуден на парична казна, не се води постапка за друго кривично дело.

6. **В.Т.** од татко Љ., мајка М., родена на ... година во С.Р.М., живее во С.Р.М., со ЕМБГ ..., државјанин на Р.Македонија, со завршено високо образование Правен факултет, разведена мајка на едно полнолетно дете по националност македонка, неосудувана, не се води постапка за друго кривично дело.

**ЗАТОА ШТО:**

Во периодот од 03.04.2007 до 18.02.2013 година во Скопје, обвинетите М.Ј. како службено лице-министер, Т.Ѓ., Д.Д., М.Т., Д.Г. и В.Т. како службени лица - членови на комисијата за јавни наддавања при Министерството како соизвршители со искористување на својата службена положба, свесни дека поради нивното сторување може да настапат штетни последици, се согласиле со нејзиното настапување, нанеле штета на средствата од буџетот на Република Македонија во износ од 64.206.839 денари на начин што иако обвинетиот М.Ј. од комисијата за јавни наддавања на 03.04.2007 година добил записник со кој бил информиран дека не биле исполнети условите за објава на јавното наддавање за отуѓување на градежното земјиште за изградба на резиденцијална населба С.Г. во Општина С., во површина од 636.459,48 м2, поради тоа што претходно не биле целосно обезбедени податоците за градежното земјиште, предмет на објава, тој го игнорирал тоа и истиот ден, на 03.04.2007 година составил нова комисија за јавни наддавања и од нив побарал да ја реализираат објавата и јавното наддавање за продажба на наведеното градежно земјиштето и покрај наведените недостатоци, за што обвинетите Т.Ѓ., како претседател, Д.Д. како заменик претседател и М.Т., Д.Г. и В.Т. како членови на новоформираната комисија за јавни наддавања се согласиле и следниот ден на 04.04.2007 година иако знаеле дека не биле целосно обезбедени податоците за градежното земјиште предмет на објавата односно дека биле обезбедени нумерички податоци за само 3.9 % од сите 616 градежни парцели, поради што не била утврдена точната површина на секоја градежна парцела и не било утврдено точно кои катастарски парцели биле зафатени од наведените градежни парцели, кои биле предмет на објавата за јавното наддавање, постапиле спротивно на чл.3 од Уредбата за начинот и постапката на отуѓувањето, давањето под закуп и висината на посебните трошоци на постапките за отуѓување и давање под закуп на градежното земјиште сопственост на Р.Македонија и по претходна согласност од обвинетиот М.Ј. изготвиле и до весниците „Вечер“, „Дневник“, „Вест“ и „Financial times“ доставиле објава за јавно наддавање за оттуѓување на градежното земјиште сопственост на Р.Македонија, за изградба на резиденцијална населба С.Г. во Општина С., по што на 14.05.2007 година спровеле јавно наддавање и за целата постапка составиле информација, во која констатирале дека наводно пред објавата за јавното наддавање биле исполнети условите за спроведување на постапката за јавно наддавање и дале предлог со избраниот најповолен понудувач да биде склучен договор за продажба на градежното земјиште, по што обвинетиот М.Ј. иако знаел дека постојат недостатоците поради кои не можело да се објави јавното наддавање и договорот не можел да биде реализиран, на 08.06.2007 година во име на Министерството со ТДГТУ Ф.Х.И.Б.Ц С.Ц. ДОО увоз-извоз С. склучил договор за отуѓување на градежното земјиште со јавно наддавање, кој бил солемнизиран на 18.09.2007 година, кој договор потоа не можел да се спроведе во катастар поради тоа што 13 градежни парцели зафаќале површина од

1992 м2 од катастарската парцела ...од КО ... и една градежна парцела зафаќала дел од катастарска парцела ... од КО ... со површина од 461 м2, кои катастарски парцели не биле предмет на договорот за отуѓување на градежното земјиште и поради тоа што 13 градежни парцели наведени во Договорот не одговараат со површините дадени во урбанистичкиот план, по што по поднесената тужба од Ф.Х.И.Б.Ц С.Ц. ДОО увоз-извоз Скопје, државниот правобранител на 20.07.2011 година со судска спогодба го раскинал договорот со друштвото Ф.Х.И.Б.Ц С.Ц. ДОО Скопје, поради што Министерството било задолжено на износот од 223.954.780 денари, која била цена на договорот, да исплати затезна камата, сметана од 01.12.2009 година до 30.09.2011 година, заради што на 18.02.2013 година од сметката на Министерството на сметката на друштвото Ф.Х.И.Б.Ц С.Ц. ДОО Скопје била исплатена затезна камата во износ од 64.206.839 денари за кој износ го оштетиле буџетот на Р.Македонија.

Со што обвинетиот М.Ј. сторил едно кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 во врска со чл.22 од КЗ, обвинетиот Т.Ѓ. сторил едно кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 во врска со чл.22 од КЗ, обвинетиот Д.Д. сторил едно кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 во врска со чл.22 од КЗ, обвинетата М.Т. сторила едно кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353, ст.5 во врска со ст.1 во врска со чл.22 од КЗ, обвинетиот Д.Г., сторил едно кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 во врска со ст.1 во врска со чл.22 од КЗ и обвинетата В.Т. сторила кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353, ст.5 во врска со ст.1 во врска со чл.22 од КЗ,

Поради што:

ПРЕДЛАГАМ

**-** Основен суд Скопје I Скопје како стварно и месно надлежен, согласно член 25 и член 26 од Законот за кривична постапка и член 30 и член 32 од Законот за судовите, да закаже и одржи главна, јавна и усна расправа на која ќе се повикаат:

- Јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите,

- Обвинетите: М.Ј. од С.Р.М. и неговиот бранител адвокат Сања Алексиќ; Т.Ѓ. од С.Р.М. и неговиот бранител; Д.Д. од С.Р.М. и неговиот бранител адвокат Тони Менкиноски од Адвокатско друштво „Наумов, Менкиноски и партнери“; М.Т. од С.Р.М. и нејзиниот бранител адвокат Дијана Мијовска; Д.Г. Ш.Р.М.; В.Т. од С.Р.М.;

- Сведоците ...

Претставник на државен правобранител на Р.Македонија

Обвинителниот акт се темели на следните докази...
**(описот на доказите во оригиналното обвинение е содржан од стр.4 до стр.28)**

**ПОСЕБЕН ПРЕДЛОГ**

Врз основа на чл.321 ст.3 и чл. 146 ст.1, т.2 и т.3 и ст.5 од ЗКП, поднесувам

**П Р Е Д Л О Г**

**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ**

Спрема обвинетите:

**1. Т.Ѓ.**

**2. Д.Д.**

**3. М.Т.**

**4. Д.Г.**

**5. В.Т.**

Да се определат следните мерки на претпазливост:

1. Обврска да се јавуваат еднаш неделно - секој понеделник во 10 часот, кај определено службено лице во Основен суд Скопје I Скопје, осомничените, Т.Ѓ., Д.Д., М.Т., Д.Г. и В.Т. и

2. Привремено да им се одземе патната исправа- пасош и тоа на:

- Т.Ѓ., патна исправа-пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издадена од МВР;
- Д.Д., патна исправа-пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издадена од МВР;
- М.Т., патна исправа-пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издадена од МВР;
- Д.Г., патна исправа-пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издадена од МВР;
- В.Т., патна исправа пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издадена од МВР.

Мерките да траат до правосилно завршување на кривичната постапка.

О б р а з л о ж е н и е

Обвинетите Т.Ѓ., Д.Д., М.Т., Д.Г. и В.Т. имаат патна исправа – пасош и имајќи го во предвид писмениот допис-одговор на барање од МВР рег.бр... од 22.06.2017 година во прилог ЦД со листинзите за евидентирани влезови и излези преку државната граница произлегува дека обвинетите повремено одат во странство и може да ја напушат државата.

Потребата од определување на мерки на претпазливост-одземање на патна исправа и јавување еднаш неделно кај определено службено лице во Основен суд Скопје I Скопје, произлезе поради постоење опасност од бегство, имајќи ја во предвид висината на казната затвор што е предвидена од ова кривично дело, начинот на извршување на истото, како и одењето во странство укажува на тоа дека присуството на обвинетите Т.Ѓ., Д.Д., М.Т., Д.Г. и В.Т. во постапката ќе биде отежнато и самото тоа ќе го попречува водењето на кривичната постапка. Предлагам да се определат заедно мерките на претпазливост од т.1 и т.2 од овој предлог поради тоа што во соседните држави државјаните на Р.Македонија можат да влегуваат и само со идентификација со лична карта, без да покажат пасош.

Од овие причини, произлегува потребата да бидат изречени предложените мерки на претпазливост спрема обвинетите Т.Ѓ., Д.Д., М.Т., Д.Г. и В.Т. заради непречено водење на кривичната постапка и заради обезбедување присуство во текот на кривичната постапка, па предлагам Основниот суд Скопје I Скопје спрема обвинетите да ги определи мерките на претпазливост од член 146 став 1, т.2 и т.3 и ст.5 од ЗКП.

**ПРИЛОЗИ ...**

**Јавен обвинител за гонење на кривични дела**
**поврзани и кои произлегуваат од содржината**
**на незаконското следење на комуникациите**
**Катица Јанева**